Врз основа на член 383 став (1) точка 2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

# ОДЛУКА

**за одобрување на ревидираната Годишна сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, ревидирани од овластен ревизор, усвоени со Одлука бр.02-1561/2 од 5.3.2024 година на Одборот на директори на Акционерското друштво.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-1808/3
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

Подготвил: Маја Богоевска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата